Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/4
29.04 20 22 год
СКОПЈЕ

# АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# БИЛТЕН

**БРОЈ 245**

**Скопје, 29.04.2022**

# С О Д Р Ж И Н А

Извештај на комисијата за избор на Заслужен професор (Професор – Емеритус) на Американскиот Универзитет во Европа – ФОН, Скопје ..................................................... 4120

Реферат за избор на наставник во сите наставно-нучни звања по стручно уметнички предмети од областите: Филмска и ТВ режија, ТВ сценарио, ТВ камера, ТВ монтажа, ТВ и радио игра - 60803, Продукција и монтажа (сценско-уметнички дејности, филм, радио и ТВ,ТВ монтажа) - 60804 и Друго (Мултимедија) - 60805 **…………………………………..** 4124

# И З В Е Ш Т А Ј

**На комисијата за избор на Заслужен професор (Професор – Емеритус) на Американскиот Универзитет во Европа – ФОН, Скопје.**

Наставно научниот совет на факултет за економски науки на АУЕ – ФОН, на седницата одржана на ден 18.02.2022 година донесе Одлука да го предложи проф. Д-р. Мирко Трипуноски за доделување на звањето: Заслужен професор (Професор Емеритус) како резултат на постигнатите успеси во образованието, науката, истражувањето и оспособувањето на млади научни кадри, издаваштвото, како на АУЕ ФОН, Република Македонија, регионот и пошироко. По предлог на одлуката на ННС на Факултет за Економски науки, се произнесе и Универзитетскиот Сенат на својата редовна седница одржжана на ден 21.04.2022 година и избра комисија за извештај и образложение на овој предлог во следниот состав:

1. **Проф. Д-р. Саво Ашталкоски** – декан на Економскиот Факултет
2. **Академик Абдуљменаф Беџети** – ректор на Штуловиот Универзитет – Тетово
3. **Проф. Д-р. Ванчо Узунов** – универзитетски професор на УКИМ
4. **Проф. Д-р. Томе Неновски** – Универзитетски професор Американ Колеџ
5. **Проф. Д-р. Софроние Миладиноски** – универзитетски професор на УКЛО

По разгледувањето на поднесениот материјал и пратечките документи, и во согласност со уредбите на Законот за високото образование и правните општи акти на Универзитетот, како и респектирајќи го официјалниот предлог со кој се рангираат и бодираат, по квалитет и квантитет, активностите на кандидатот за избор во Заслужен професор (Професор Емеритус), според воспоставената класификација – **Комисијата за извештај и образложение**, има чест на Универзитетскиот сенат на АУЕ – ФОН да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Подносителите на овој извештај и образложение, како членови на комисијата за проверка и потврда на понудените факти, се едногласни во оценката и заклучокот дека кандидатот д-р. Мирко Трипуноски ги исполнува сите услови како и условите од член 195 и 196 од Статутот на АУЕ ФОН и член 185 од Законот за Високо образование, со досегашната професионална работа, се оформи во солиден научен работник, инвентивен и плоден автор на широк опус на трудови и во мошне популарен и познат собеседник, наставник и општественик.

Како **научен работник**, тој се стекнува и афирмира благодарение на своето учество и работа во бројни меѓународни истражувачки активности кои му донесуваат неподелени признанија. Исто така, д-р. Мирко Трипуноски е познат и признат научен аналитичар во пошироките Универзитетски кругови кој подеднакво, активно и продуктивно твори и објавува како во земјата така и во странство.

Во горната смисла, **како плоден и креативен автор**, овој кандидат се афирмира со своите многубројни трудови, објавени самостојно или во

коавторство повеќе од десетина книги и студии и повеќе од двеста рецензирани трудови, упадливо доминираат три меѓусебно тесно поврзани научни делови: Економијата на развојот, Одржливиот развој, Маркетинг менаџментот и истражувањата во целина.

Притоа, сосема е очигледно дека во сите негови текстови, во фокусот на неговото влијание доминираат Економијата на развојот, одржливиот развој и маркетинг менаџментот во стопанството и јавниот сектор, како трајна и постојана преокупација, аплицирајќи ја синхронизираната систематизација на економските научни т.е. третирајќи ја развојната економија во неа меѓународните економски односи како применета економија на политичката економија што извира од нормативната економија и од пулсирањето на одржливиот економски/политички развој.

И, конечно, **<u>како наставник</u>** д-р. Мирко Трипуноски благодарение на неговото повеќегодишно успешно искуство да контактира и комунира, да дебатира, и кооперативно да полемизира и реплицира, да биде безмилосен кон себе како научник, и милослив, но објективен кон своите студенти и собеседници, како професор и општественик, тој изгради таков флуид на соработка во колективното комуницирање со студентите , со колегите, со деловните партнери. Како наставник на АУЕ- ФОН ментор е на повеќе од двеста педесет магистарски и специјалистички трудови. Исто така е ментор на два докторски трудови и под негово менторство од асистенти во доценти се промовирани пет сегашни доценти и професори.

Поседува акредитација за менторство на втор и трет циклус универзитетски студии како редовен професор во трајно звање.

Долгогодишното наставно и истражувачко искуство, објавените трудови и учебници, учество на научни собири, по себе говорат за вредноста на неговата работа и постигнувањата во економската наука и маркетинг менаџмент истражувања во стопанството и јавниот сектор. Имајќи го предвид сето досега изнесено за проф.д-р. Мирко Трипуноски, Комисијата е на мислење и со задоволство му предлага на Сенатот на АУЕ – ФОН, **дека проф. Д-р. Мирко Трипуноски несомнено го заслужува звањето заслужен професор** (професор емеритус), тоа да му го доделат.

Комисија

1. Проф. Д-р. Саво Ашталкоски

   ______________________________________________

2. Академик Абдуљменаф Беџети

   ______________________________________________

3. Проф. Д-р. Ванчо Узунов

   ______________________________________________

4. Проф. Д-р. Томе Неновски

   ______________________________________________

5. Проф. Д-р. Софроние Миладински

   ______________________________________________

Скопје, април 2022

# АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
## ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ:

**Филмска и ТВ режија, ТВ сценарио, ТВ камера, ТВ монтажа, ТВ и радио игра – 60803,**

**Продукција и монтажа (сценско-уметнички дејности, филм, радио и ТВ,ТВ монтажа) - 60804**

**и Друго (Мултимедија) - 60805;**

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Американскиот универзитет на Европа – ФОН во Скопје објавен согласно член 172 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) во дневниот весник „Нова Македонија“ на 29.12.2021 година за избор на наставник, во сите наставно-научни звања по стручно уметнички предмети од научните области: Филмска и ТВ режија, ТВ сценарио, ТВ камера, ТВ монтажа, ТВ и радио игра - 60803; Продукција и монтажа (сценско-уметнички дејности, филм, радио и ТВ,ТВ монтажа) – 60804 и Друго (Мултимедија) - 60805, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Американскиот Универзитет на Европа ФОН, со Одлука бр.22-1686/3 од 17.12.202 година, формираше Рецензентска комисија, во состав:

- м-р Лазар Секуловски, редовен професор – претседател;
- д-р Антонио Митриќески , редовен професор – член;
- м-р Роберт Јанкулоски, редовен професор – член;

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научно звања по стручно уметнички предмети од научните области: Филмска и ТВ режија, ТВ сценарио, ТВ камера, ТВ монтажа, ТВ и радио игра - 60803; Продукција и монтажа (сценско-уметнички дејности, филм, радио и ТВ,ТВ монтажа) – 60804 и Друго (Мултимедија) - 60805; во дневниот весник „Нова Македонија“ на 29.12.2021 година, во предвидениот рок се пријавил еден кандидат: м-р Игор Шокаровски.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на неговата научна, уметничка и педагошка дејност, Рецензентската комисија го доставува следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци:**

М-р Игор Шокаровски е роден во Скопје. Дипломира на Факултетот за драмски уметности во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на катедрата за Филмска и телевизиска монтажа.

Во текот на студиите пројавува голем интерес за едитирање, режија и аудиовизуелна постпродукција на краткометражни и долгометражни докуметарни филмови, краткометражни играни филмови и културно уметнички експериментални проекти со анимирани сегменти како исклучително комплексна аудиовизуелна семиолошка дисциплина.Подоцна полето на неговиот интерес продолжува со акцентирање на доменот на семиологијата, поетиката и технологијата на дигиталната аудиовизуелна уметност, како и можностите на наративните и интерактивни содржини во рамките на аудиовизуелниот дизајн, филмот и новите медиуми.

Својата професионална кариера, м-р Игор Шокаровски ја започнува во Скопје, во Република Македонија, воглавном во областа на аудиовизуелните уметности, земајќи активно учество со аудиовизуелните дела изработени за Националниот Радио - Дифузен Сервис, Македонска Радио Телевизија, на бројни домашни и интернационални фестивали.

Во потрага за нови искуства во современите аудиовизуелни технологии и семиолошки теории на аудиовизуелната уметност, доминантно продуцирана низ филмскиот и телевизискиот медиум, м-р Игор Шокаровски, во 1998 година, магистрира Филмска и телевизиска режија на Националната Академија за Филмска и Телевизиска Уметност „Крстјо Сарафов“ во Софија, Република Бугарија (Националната академия за театрално и филмово изкуство „Кръстьо Сарафов“ Сòфия, Република България).

Во 2018 година се запишува на докторски студии на студиската програма: Сценско изведувачки и аудивизуелни уметности на Факултетот за драмски уметности Скопје при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, каде ги има положено сите предмети од програмата за трет циклус на студии и стекнато 60 бодови по ЕКТС и му останува изработка и одбрана на докторскиот труд и претставување на теми на конференции.

Од 2012 година до денес, м-р Игор Шокаровски интензивно се занимава со педагошка и научно истражувачка работа во рамките на стручно уметничките предмети од областа на аудиовизуелните уметности и мултимедијалниот дизајн, на универзитетско ниво. Со своето стекнато теоретско и практично знаење, компетентно учествува во системот на академското образование од прв и втор циклус на студии.

**Образование:**

**2018/во тек.** Докторски академски студии на студиската програма Сценско изведувачки и аудивизуелни уметности на Факултетот за драмски уметности Скопје при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје. Во мирување.

**1997/1998.** Магистерски студии; на Националната Академија за Филмска и Телевизиска Уметност „Крстјо Сарафов“ во Софија, Република Бугарија (Националната академия за театрално и филмово изкуство „Кръстьо Сарафов“ Сòфия, Република България).Стекнат академски назив: Магистер на филмска и телевизиска режија;

**1992/1996.** Дипломски студии при Факултетот за драмски уметности во Скопје при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија. Стекнат стручен назив: Дипломиран филмски и телевизиски монтажер;

**Работно искуство:**

**2017/2022. Вонреден професор,** наставник од научно поле Филмска и ТВ режија, ТВ сценарио, ТВ камера, ТВ монтажа, ТВ и радио игра, прв и втор циклус на студии , на Факултетот за дизајн и мултимедија при Прв Приватен Универзитет ФОН, Скопје, Р. Македонија, избран од Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН со Одлука бр.22-820/3 од 29.05.2017година, потпишана од деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија при Прв Приватен Универзитет ФОН, проф. д-р Марија Ветероска.

**2012/2017. Доцент**, наставник по група предмети од областа Мултимедија на Факултетот за дизајн и мултимедија, прв и втор циклус на студии, при Прв Приватен Универзитет ФОН, Скопје, Р. Македонија, избран од Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН со Одлука бр.22-726/4 од 04.05.2012 година, потпишана од Деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија при Прв Приватен Универзитет ФОН, доц. м-р Александар Ношпал.

**2005/2011 . Режисер** во А1 Телевизија, Скопје, Р. Македонија. Од 17.11.2005 година, м-р Игор Шокаровски се вработува како Режисер во А1 Телевизија ДООЕЛ Скопје, каде работи на сложени проектни задачи, меѓународни копродукции и проекти по странски франшизи, какви што се: мултимедијалниот квиз на знаење „Кој сака да биде милионер“, мултимедијалниот квиз на знаење „ 50/50“, мултимедијалниот квиз на среќа „Момент на вистината“, натпреварот во вокални способности „Македонски идол“, анимации, кик стартери, џинглови, шпици, рекламни пораки и друго. Режисер е на директните преноси од концертните настапи на повеќе легенди на македонската и балканската естрада : Тоше Проески, Калиопи Букле, „Леб и сол“, Каролина Гочева, Тереза Кесовија, Ана Стаменковска Дурловски, Игор Дурловски и други.

**2004/2005 Режисер и монтажер** во IDEA PLUS DDB во Скопје, Р. Македонија. Кон крајот на 2003 година, и почетокот на 2004 година м-р Игор Шокаровски се вработува во IDEA PLUS DDB во Скопје, Р. Македонија, во тоа време, една од најуспешните балкански маркетинг агенции. Таму работи во одделот Продукција Плус ДОО Скопје, каде тим од креативни лица под координација на истакнатиот уметник Иво Лауренчиќ, осмислува и реализира проекти кои се антологиски сведоци на современата македонска аудиовизуелна историја.

**1998/2004. Режисер** во Јавното Радиодифузно Претпријатие Македонска Радио Телевизија, во Скопје, Р. Македонија. По дипломирањето на Факултетот за драмски уметности, м-р Игор Шокаровски , со Решение бр. 04-2/104/1 од 30.12.1988 година е вработен на работното место Режисер во Секторот Реализација во ЈРП Македонска Радио Телевизија, каде работи на проектни задачи кои опфаќаат:краткометражни и долгометражни документарни филмови, краткометражни играни проекти, детски серии („Сезаме отвори се“) , копродукциски проекти, рекламни и музички спотови (ЕСМ, Министерство за економија ...), телевизиска адаптација и реализација на оперски, балетски и театарски претставиi, како и концептуално оформување на корпоративни идентитети на фестивалски изданија („Охридско лето“, ИИФК „Браќа Манаки“) и проекти во продукција на Македонската Радио Телевизија, сите архивирани во архивата на Јавниот Национален Сервис МРТ. Со Решение

бр.04-2/1269 од 25.11.2003 година на ЈРП Македонска Радио Телевизија е распределен да работи како режисер во Секторот за изведба на програма и дизајн.

**Наставно-образовна дејност:**

Од 2012 година м-р Игор Шокаровски ја започнува својата наставно-образовна дејност на универзитетско ниво како наставник по група предмети од областа Мултимедија, избран во звањето доцент на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН. Во 2014 година е избран за член на Сенатот на Првиот Приватен Универзитет ФОН, како претставник од Факултетот за дизајн и мултимедија. Во 2017 година е избран во звањето Вонреден професор, наставник од научно поле Филмска и ТВ режија, ТВ сценарио, ТВ камера, ТВ монтажа, ТВ и радио игра, прв и втор циклус на студии, на Факултетот за дизајн и мултимедија при Прв Приватен Универзитет ФОН, Скопје, Р. Македонија.

Во 2018 година е избран повторно, во втор мандат за член на Сенатот на Првиот Приватен Универзитет ФОН, како претставник од Факултетот за дизајн и мултимедија, а во овој мандат два месеци ја врши и должноста **Претседател на Сенат** на Првиот Приватен Универзитет ФОН. Со одлука на В.Д. Ректорот на Американскиот Универзитет на Европа проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски е избран за В.Д. Декан на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот Универзитет на Европа ФОН.

Во 2021 година е избран за Декан на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот Универзитет на Европа ФОН од Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот Универзитет на Европа ФОН.

Во текот на својата наставна активност оспособил уметнички соработници кои подоцна исполниле услови и биле избрани во повисоки наставни звања. Истовремено, м-р Игор Шокаровски како наставник е ментор на седум успешно одбранети магистерски трудови, на три специјалистички труда и на триесет и девет дипломски работи. Во својата досегашна работа како наставник ги предавал предметите: Основи на мултимедија, Мултимедија 1, Мултимедија 2, Мултимедија 3, Мултимедија 4, Компјутерски техники по мултимедија 1, Компјутерски техники по мултимедија 2, Компјутерски техники по мултимедија 3, Компјутерски техники по мултимедија 4, Видео дизајн, Интерактивна мултимедија, Компјутерска анимација, Основи на 3Д моделирање, 3Д Моделирање 1, 3Д Моделирање 2, Основи на фотографија, Дигитална фотографија 1, Дигитална фотографија 2, Арт директинг, Основи на продукција, Адвертајзинг дизајн, Дизајн на подвижна слика, Аудио и видео монтажа и Мултимедија напредно ниво 2.

За својата работа како наставник, м-р Игор Шокаровски секоја академска година, во континуитет, до сега, има висока позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите при процесот на самоевалуација, бидејќи се истакнува со исклучителна стручност и посветеност, како во едукативниот процес, така и во уметничкото творештво.

**Дела :**

**2019.** Режисер и продуцент на краткометражниот документарен филм „Мајка “ во кој е претставен животот на турците јуруци во овој дел од Балканот (околината на дел од селата кои гравитирааат околу Радовиш). Филмот е добитник на специјална награда за документарен филм на Филмскиот фестивал за туркофонските земји во 2019 година во

Истанбул, Република Турција. (TURK DUNYASY 4. BELGESEL FILM FESTIVALI TESEKKUR BELGESI). Линк:

https://www.facebook.com/100038756595262/videos/326504894797875

**2019.** Режисер и монтажер на музичкиот спот „Излези ќерко Фатимо“ на текст од македонскиот текстописец, етнограф и хроничар Абас Цаноски, во изведба на Јонуз Мирселоски.

https://www.youtube.com/watch?v=Gj_sPzNxkZM

**2021.** Косценарист, режисер и монтажер на Рекламната порака бр.1 за упис во вториот уписен рок за академската 2021/2022 година на Американскиот Универзитет на Европа ФОН, емитуван повеќепати на програмата на телевизии со национална концесија во РСМ и повеќе мрежни медиуми. Линк:

https://www.facebook.com/watch/?v=841965396408336

**2021.** Косценарист, режисер и монтажер на Рекламната порака бр.2 за упис во вториот уписен рок за академската 2021/2022 година на Американскиот Универзитет на Европа ФОН емитуван повеќепати на програмата на телевизии со национална концесија во РСМ и повеќе мрежни медиуми. Линк:

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/665428517310327/

**2019.** Косценарист, режисер и монтажер на Рекламната порака за упис во првиот уписен за академската 2019/2020 година на Американскиот Универзитет на Европа ФОН емитуван повеќепати на програмата на телевизии со национална концесија во РСМ и повеќе мрежни медиуми. Линк:

https://www.facebook.com/watch/?v=1003632393711174

**2019.** Режисер, дизајнер на продукција и монтажер на појасот од осум рекламни обраќања на ректорот и деканите на факултетите во состав на Американскиот Универзитет на Европа ФОН, насловен „Учи повеќе, биди повеќе“, изработени наменски за уписната кампања за уписите во академската 2019/2020 година. Линкови:

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/2034159566891969/

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/426878594572196/

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/641087666407080/

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/362630374633345/

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/889669554698932

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/2490607111159111/

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/468404193731162/

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/336986567197652/

**2019.** Режисер на свеченоста по повод на доделувањето на дипломи на 12 генерација дипломци на Американскиот Универзитет на Европа ФОН на Саемот за кариера и алумни во 2019 година. Линк:

https://www.facebook.com/FONUniversity/videos/670323036759038/

**Професионални ангажмани, проекти, фестивали, работилници, конференции:**

**2017**. (11-15.09) Учество и почесен гостин на »5ти Светски детски фестивал за анимиран филм – Златен полжав« 2017 година во Врање, Р. Србија.

**20182017/2018.** Член на Координативното тело на научно-наставниот и стручно уметнички и апликативен проект „Фабрика на знаење“ со кој најуспешно се поврзуваат студентите, бизнис заедницата и јавните институции на едно место, во насока на реализација на поставени задачи.

**2018.** (05-06.07) Организатор и водител на Детска работилница за анимиран филм под наслов „Важна е целта“ - работилница за карактер дизајн и семиотика на подвижните слики реализирана во Школата за анимиран филм „ŠAF“ во Врање, Република Србија

**2018.** Претседател на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН.

**2019/2020/2021/2022.** Член на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН односно по преименувањето при Американскиот Универзитет на Европа ФОН.

**2019/2020/2021/2022.** Член на комисија за еквиваленција на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН односно по преименувањето при Американскиот Универзитет на Европа ФОН.

**2019/2020/2021/2022.** Претседател на Комисијата за уписи на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН односно по преименувањето при Американскиот Универзитет на Европа ФОН.

**2019/2020/2021/2022.** Член на универзитетската Комисија за уписи на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН односно по преименувањето при Американскиот Универзитет на Европа ФОН.

**Други професионални и образовни достигнувања:**

**2017/2018/2019/2020/2021/2022.** Член на Друштвото на филмски работници на Р.С. Македонија, како редовен член в секцијата „Режија“.
https://www.dfrm.org.mk/sectors

**2022.** Претседател на Управниот одбор на Агенција за филм на Република С. Македонија на предлог на најкомпетентната гилдија за филмска и аудиовизуелна дејност во државата, односно од Друштвото на филмски работници на Р.С. Македонија и Претседателот на Владата на Република Северна Македонија.
http://filmfund.gov.mk/?page_id=1215

**2017/2018/2019/2020/2021.** Претседател на Комисијата за оценување на филм на МАССУМ , државниот напревар на кој што учествуваат средните училишта од нашата држава.
**2017/2018/2019/2020/2021.** Претседател / член на Комисијата за оценување на Видео реклама на МАССУМ , државниот напревар на кој што учествуваат средните училишта од нашата држава.
**2017/2018/2019/2020/2021/2022.** Одговорен за дизајнот на корпоративниот идентитет на Здружението на Самохрани Родители Скопје од Скопје и медиуската присатност на оваа формална НВО.

**Должности и одговорности:**

**2021/2015.** **Декан** на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американски Универзитет на Европа ФОН, Скопје, Р. Македонија, избран од членовите на Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот Универзитет на Европа ФОН со Одлука бр. 08-803/1 од 02.06.2021 година, потпишана од В.Д. Ректорот на Американскиот Универзитет на Европа ФОН, проф. д-р Мирко Трипуноски, а потврдена од Сенатот на Американскиот Универзитет на Европа ФОН со Одлука бр. 07-872/7 од 16.06.2021 година потпишана од Претседателот на Сенатот проф. д-р Насер Етеми.

**2020/2021.** **В.Д. Декан** на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американски Универзитет на Европа ФОН, Скопје, Р. С. Македонија, со Одлука бр.02-1132/1од 22.10.2020 година потпишана од В.Д. Ректорот на Американскиот Универзитет на Европа проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски.

**2018/2021.** **Член на Сенатот** на Првиот Приватен Универзитет ФОН, избран од Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН, со Одлука бр. 22-1498 од 30.10.2018 година, потпишана од Деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН , проф. д-р Марија Ветероска.

**2014-2018**. **Член на Сенатот** на Првиот Приватен Универзитет ФОН, избран од Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН, со Одлука потпишана од Деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен Универзитет ФОН, проф. д-р Катерина Апостолска.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензионата комисија констатираше дека пријавениот кандидат м-р Игор Шокаровски ги исполнува сите формално-правни услови за избор на наставник, во сите звања од научните области: Филмска и ТВ режија, ТВ сценарио, ТВ камера, ТВ монтажа, ТВ и радио игра – 60803, Продукција и монтажа (сценско-уметнички дејности, филм, радио и ТВ , ТВ монтажа) – 60804 и Друго (Мултимедија) - 60805.

Врз основа на наведените податоци и факти, м-р Игор Шокаровски, својата способност и талент ги потврдува преку неговите аудиовизуелни и филмски проекти, добивајќи признанија на фестивали и меѓународни манифестации како и со назначувања за особено битни функции за аудиовизуелната уметност и особено филмската уметност од страна на најкомпетентните и највисоките органи и институции за ове области од Р. С. Македонија.

Во наведеното досегашното творештво, пројавува голема мотивираност и амбиција за истражувања поврзани со начините на кои комуникациските технологии ги менуваат уметничките концепти, како и влијанието на истите врз традиционалните медиуми и професии.

Со неговото големо професионално искуство, со неговото усовршување на завршените магистерски студии и тековните докторски студии за Сценско изведувачки и аудивизуелни уметности на Факултетот за драмски уметности Скопје при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје се здобива со способност и компетенции за педагошка и наставно- научна и истражувачка работа на универзитетско ниво, бавење со уметничка критика и теорија, самостална истражувачка работа во областите на новите медиуми како и работа на интердисциплинарни проекти.

Преку својата менторска работа на прв и втор циклус на студии им помага на студентите да се запознаат и усовршат во интердисциплинарната уметничка/медиумска пракса, филмот и дизајнот, сé со цел да се постигнат врвни сознанија за примената на традиционалните и нови медиуми во процесот на креирање во уметноста, како и културолошките промени во медиумската индустрија на дигиталната ера.

Стекнатото знаење и искуство на кандидатот овозможува бројни експерименти во рамките на новите форми на аудиовизуелната и дигиталната уметност, при создавањето на уметнички проекти кои својата содржина и структура ја засноваат на поврзувањето на различни уметнички и научни дисциплини во една компактна уметничка и теоретска мисла.

Неговиот придонес е од несомнено значење во развојот и афирмацијата на Факултетот за дизајн и мултимедија и Американскиот Универзитет на Европа ФОН и филмската уметност и аудиовизуелниот дизајн воопшто. Со своето образование, посветеност и искуство во високо-образовната дејност, м-р Игор Шокаровски покажува исклучителна способност во извршувањето на наставниот и едукативниот процес и се истакнува како наставник, педагог и творец во својата област.

# ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведениот заклучок, Рецензентската комисија едногласно констатираше дека м-р Игор Шокаровски ги исполнува сите услови за избор во звање редовен професор и има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав Американскиот Универзитет на Европа ФОН да го избере м-р Игор Шокаровски за **наставник по научните области: Филмска и ТВ режија, ТВ сценарио, ТВ камера, ТВ монтажа, ТВ и радио игра - 60803; Продукција и монтажа (сценско-уметнички дејности, филм, радио и ТВ,ТВ монтажа) – 60804 и Друго (Мултимедија) - 60805 во наставно-научно звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.**

**Рецензентска комисија**

____________________________________

**1. Проф. м-р Лазар Секуловски – претседател с.р.**

____________________________________

**2. Проф. д-р Антонио Митриќески – член с.р.**

____________________________________

**3. Проф. м-р Роберт Јанкулоски – член с.р.**